ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**Број: 22-196/6**

**Дата: 24.02.2011**

ДО

ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ДОМ „НИКОЛА КАРЕВ“ - ОХРИД

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом „Никола Карев” – Охрид - сметка на основен буџет, за 2009 година.

Ревизијата утврди дека е постигнат напредок во имплементацијата на препораките од претходната ревизија за 2003 година со оглед на тоа што дел од препораките се имплементирани, односно 43% се спроведени, 14% делумно се спроведени, во тек се 21% и 22% не се спроведени.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата констатиравме дека кај Државниот студентски дом „Никола Карев“ – Охрид не е воспоставена организациска структура и процедури за работа, неточно е искажана вредноста на земјиштето и градежните објекти, не е донесен акт за плати од основањето до денес што влијае на висината на средства за исплата на платите и надоместоците на вработените, не е воспоставен систем на внатрешна сметководствена контрола, неосновано се одобрени средства од буџетот врз основа на нереален број на пријавени студенти и нецелосно почитување на Законот за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбата во Домот ревизијата дава препораки во однос на воспоставување на организациска структура и процедури за работа согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, донесување на акт

(правилник) за плати и надоместоци на плати во согласност со важечката законска регулатива, обезбедување на систем за внатрешна сметководствена контрола на сметководствените документи пред нивното одобрување, евидентирање и плаќање, барање за одобрување на партиципација од МОН врз основа на реалниот број на сместени студенти во Домот и целосно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки.

Обрнуваме внимание дека во отсуство на критериуми за финансирање на дејноста во студентските домови што е во надлежност на Министерството за образование и наука, финансирањето не се врши на начин предвиден со Закон, односно според реална економска цена за сместување и исхрана на студентите. Министерството не го известува навремено Домот за одобрениот буџет по сметки, програми, потпрограми и ставки, со што создава неизвесност во плаќањето на обврските на истиот.

Во 2008 и 2009 година, ДСД „Никола Карев“ - Охрид има изготвено инвестициони програми за подобрување на условите во Домот кои се доставени до МОН, и со кои се бараат финансиски средства за преземање на неопходни и итни работи во вкупен износ од 24.794 илјади денари. И покрај ваквите програми и барања МОН `се нема произнесено, освен со одобрување на средства во износ од 500 илјади денари по Програмата за студентски стандард за 2009 година кои се пренесени и во 2010 година. На ваков начин МОН не ги предвидува и планира средствата за инвестиции според вистинските потреби на Домот, што неповолно влијае и го оневозможува нормалното функционирање и обавување на дејноста на Домот.



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ ________________
2. ________________
3. ________________

# 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 15 до 17 заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом „Никола Карев“ - Охрид (во понатамошниот текст ДСД „Никола Карев“ - Охрид) - сметка на основен буџет, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2003 година и издадени се извештаи за финансиските извештаи на ДСД „Никола Карев“ - Охрид. За годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Бесник Доко, ВД директор од 31.08.2007 година до 07.10.2009 година.
- Марјан Ристески, ВД директор од 07.10.2009 година до 22.06.2010 година, од кога е именуван за директор на ДСД „Никола Карев“ - Охрид.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ДСД „Никола Карев“ - Охрид се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските

извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.11.2010 до 27.12.2010 година кај Државниот студентски дом „Никола Карев” - Охрид од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2003 година. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог број 1 кој е составен дел на овој извештај.

Статусот на спроведување на препораките од ревизијата за 2003 година е даден во следната табела:

| **Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата** | **2003** | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **Во %** |
| Спроведени | 6 | 43% |
| Делумно спроведени | 2 | 14% |
| Во тек | 3 | 21% |
| Неспроведени | 3 | 22% |
| **Вкупно** | **14** | **100%** |

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 07.12.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 17.01.2011 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-196/1 од 17.01.2011 година.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1 Интерни контроли

4.1.1 Во ДСД „Никола Карев“ – Охрид не е воспоставена организациска структура и процедури за работа со кои ќе се обезбеди функционирање, следење и развој на стабилно финансиско управување и контрола согласно член 7 став 1 ал. 6, 14 и 15 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Имено, раководното лице нема обезбедено поделба на одговорностите, јасни правила, права и обврски и нивоа на известување, и нема донесено процедури за овластување и одобрување, поделба на должностите, систем на двоен потпис, ex-анте и ex-пост финансиска контрола, процедури за целосно, точно, прецизно и ажурно сметководство на сите трансакции. Поради наведеното постои ризик од ненаменска и незаконска исплата на средства.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да воспостави организациска структура и процедури со кои ќе обезбеди функционирање, следење и развој на ефикасен систем на сигурен финансиски менаџмент и контрола.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1 ДСД „Никола Карев“ - Охрид нема донесено посебен акт (Правилник) за плати и надоместоци од плати на вработените во Домот, што не е во согласност со член 38 од Правилата на работодавецот за работни односи, член 39 од Статутот и член 39 став 9 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард. Платата на вработените од основањето на Домот до денес се пресметува и исплатува врз основа коефициенти на сложеност утврдени со Критериумите за основите и мерилата за финансирање на дејноста во државните ученички и студентски домови, донесени од Министерството за образование и физичка култура во 1998 година. Овие критериуми се неприменливи бидејќи истите не се усогласени со Општиот колективен договор за јавните служби кој е со важност до 2004 година, при што применетите коефициентите на сложеност се поголеми и се движат од 1 до 5, во однос на важечките коефициенти од Општиот колективен договор за јавните служби кои се движат од 1 до 3.

Со измените на Законот за исплата на платите во РМ, според кој пресметката на плата од 01 јануари 2009 година се врши врз основа на бруто плата истата не е доследно испочитувана и задржан е стариот начин на пресметка, без да се изврши усогласување со важечката законска регулатива, преку изготвување на акт за плати и други надоместоци на вработените во Домот, во кој би биле содржани сите законски измени (носење на Одлука за утврдување на измена на висината на вредноста на бодот и изготвување на договори за работа согласно законските прописи). Ова несогласување се однесува во делот на основната плата на работникот која се зголемува за прекувремена работа, работа ноќе и работа во три смени (турнус), каде со примена на стариот начин на пресметка има за ефект помалку пресметани и исплатени износи на вработените кои оствариле право на таков надомест.

Отсуството на Правилникот за плата не дава можност за постојано ажурирање и усогласување со важечката законска регулатива, овозможува нетранспарентно работење кон вработените на Домот и влијае на висината на средствата за исплата на платите и надоместоците на вработените.

Во 2010 година одговорните лица на Домот имаат отпочнато активности за донесување Правилник за плата и надоместоци на плата..

**Препорака**

УО и директорот на Домот да ги завршат активностите за донесување на Правилникот за плати и надоместоци од плати на вработените со ажурирање и усогласување со важечката законска регулатива, а УО во најкраток можен рок да го донесе истиот.

4.2.2 Во ДСД „Никола Карев“ - Охрид не е воспоставена внатрешна сметководствена контрола која ќе обезбеди уверување дека сите трансакции се извршени во согласност со законските прописи и дека истите се засноваат на соодветна сметководствена документација. `Сеуште не е донесен Правилникот за организација и водење на сметководството, попис и усогласување на побарувањата и обврските, амортизација и ревалоризација на средствата во ДСД. Фактурите се исплатени без потврда за извршена контрола на сметководствената и формалната точност, не се потврдени со потпис од страна на овластеното лице за контрола и со потпис на одговорното лице на Домот, согласно член 14 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 12 и 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради наведеното постои ризик од ненаменско и незаконско располагање со средствата.

**Препорака**

Директорот на ДСД „Никола Карев“ – Охрид да воспостави систем на редовна внатрешна сметководствена контрола и да донесе правила и процедури за контрола и одговорност во располагањето со средствата со што ќе се обезбеди проверка, потврдување и комплетирање на сметководствените документи пред нивното одобрување, евидентирање и плаќање.

## 4.3 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1 Во деловните книги и во Билансот на состојба, со состојба на 31.12.2009 година, евидентирано е земјиште во вредност од 8.132 илјади денари и градежен објект со сегашна вредност од 92.545 илјади денари. Со ревизијата утврдени се одредени неправилности во искажувањето на вредноста на овие средства, и тоа:

- Извршена е ревалоризација на земјиштето на начин и по коефициент за ревалоризација што важи и се применува за материјалните средства, во износ од 252 илјади денари, што не е во согласност со член 28 став 7 од Правилникот и член 20 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, според кој ревалоризацијата на земјиштето е разлика помеѓу вредноста на крајот на пресметковниот период според просечните пазарни цени утврдени од страна на комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот од ЕЛС на која се наоѓа земјиштето и сметководствената вредност.
- До денот на ревизијата ДСД „Никола Карев“ - Охрид нема обезбедено имотен лист за објектот кој го користи за да може да се потврди неговата површина односно реалната вредност и квадратура, ниту пак има изготвено геодетски елаборат врз основа на кој ќе се регулира сопственоста, корисничкото право и евиденцијата во катастарот на недвижности. Објектот „Депанданс“ на хотелот Палас е добиен на користење на Домот во 1998 година, врз основа на Одлука за преотстапување за користење на објект на Министерството за образование и физичка култура – РМ и Одлука за основање на студентскиот дом од Владата на РМ. Објектот, според Одлуката за преотстапување, е со површина од 3.135 м кв.

Претходно наведеното не обезбедува целосна потврда на искажаната сметководствена вредност на постојаните средства што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и

има влијание на објективноста и реалноста на искажаните билансни позиции на постојаните средства со состојба на 31.12.2009 година.

**Препораки:**

- Одговорните лица за сметководствено-финансиски работи да извршат корекција на сметководствената вредност на земјиштето за неточно пресметаната ревалоризација во изминатите години и во 2009 година, а во наредниот период да се врши ревалоризација на земјиштето согласно законските прописи.
- Одговорните лица во ДСД „Никола Карев“ - Охрид да обезбедат имотен лист од Агенцијата за катастар на недвижности за носителот на правото на сопственост, односно користење на објектот кој го користат во установата за вршење на дејноста од јавен интерес.

4.3.2 ДСД „Никола Карев“ - Охрид како корисник на недвижни ствари не води внатрешна евиденција на недвижни ствари на начин пропишан во член 87 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, поради што и не се доставени податоци од внатрешната евиденција до ДЗГР во предвидениот рок (до 15.02.2006 година). Субјектот не доставил податоци за сметководствената вредност на недвижни ствари со состојба на 31 декември тековната година, како и податоци за промените во внатрешната евиденција односно промени кај вредноста на недвижните ствари што не е во согласност со член 88 и 89 од истиот Закон. Исто така, ДСД не доставил податоци до МФ за вкупната сметководствена вредност за движните ствари што ги користи со состојба на 31 декември во тековната година што не е во согласност со член 90 од истиот Закон.
Ваквата состојба може да доведе до необјективно и нереално прикажување на билансните позиции на ДСД, како и немање сознание за вкупната вредност на недвижни ствари со кои располага РМ.

**Препорака**

ДСД да воведе евиденција на недвижните ствари во државна сопственост (книга за внатрешна евиденција) што ги користи јавната установа и да достави податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари со состојба на 31.12.2009 година до АКН и податоци за вкупната сметководствена вредност за движните ствари што ги користат до МФ.

4.3.3 ДСД „Никола Карев“ - Охрид е должен, согласно член 15 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост, да обезбеди чување и заштита на стварите, нивно економично и соодветно користење, а согласно став 2 од истиот член, истите треба да се осигураат во согласност со прописите за осигурување. Во последните години и во 2009 година, не се врши

осигурување на градежните објекти и опремата, што може да има за ефект губење на основно средство во случај на евентуална несреќа и неможност за надомест на штета.

**Препорака**

Одговорните лица во ДСД во наредниот период да вршат осигурување на целокупниот имот (недвижни и движни ствари) со кој располага Домот.

**Биланс на приходи и расходи**

4.3.4 Со извршената споредба на пријавените студенти во барањата од ДСД „Никола Карев“ - Охрид до МОН во однос на реалниот број на сместени студенти во Домот, констатирана е разлика на поголем број на пријавени студенти (196 студенти) во 2009 година. Со примена на износот на партиципацијата согласно Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард се добива вредност на повеќе одобрени средства од Буџетот на РМ за 668 илјади денари, што не е во согласност со член 56 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард, член 37 од Законот за буџетите и член 2 од Законот за извршувањето на буџетот за 2009 година.

**Препорака**

Во наредниот период одговорните лица во ДСД да доставуваат барања за одобрување на финансиски средства од Буџетот на РМ преку МОН врз основа на реалниот број на студенти сместени во Домот.

## 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

**Јавни набавки**

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на ДСД „Никола Карев“ - Охрид за 2009 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 6 постапки за јавни набавки спроведени во 2009 година, и тоа: 4 постапки со барања за прибирање на понуди без објавување на оглас и 2 отворени постапки со објавување на оглас. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки изнесува 6.980 илјади денари и претставува 70% од вкупната вредност на доделените договори за спроведените постапки во 2009 година што изнесува 9.900 илјади денари.

Со ревизијата утврдивме недоследности во следните случаи:

4.4.1 Со извршениот увид во евиденциите за спроведените постапки со барање за прибирање на понуди и досиејата од спроведени постапки за јавни набавки со отворена постапка, кај дел од избраниот примерок, утврдени се поединечни неправилности, кои се однесуваат на следното:

- Договорите за јавни набавки се склучени во унифицирана форма и содржина, без оглед на специфичноста на стоката, услугата или работата. Кај одделни набавки во договорите не се содржани понудите како интегрален дел на договорот. Ова има за ефект отежнато следење на реализацијата на договорите во поглед на условите, начинот на нарачка и плаќање на набавката.
- За набавката на индустриски и други прехранбени производи, месо, месни производи и риба по приложени спецификации спроведена е отворена постапка при што набавката е спроведена како неделива и како најповолен економски оператор е избран понудувачот со најниски цени во вкупен износ, и покрај тоа што се работи за повеќе набавки со различни спецификации каде е можно делење на набавките.
- Ревизијата утврди проширување на асортиманот на производи за храна, побаран од избраниот економски оператор кои не се содржани во склучените договори за прехранбени производи без претходно да е спроведена соодветна постапка за јавна набавка.

Спроведувањето на јавни набавки на начин опишан во претходните алинеи не е во согласност со член 2 од Законот за јавни набавки, во насока на обезбедување на конкуренција, еднаков третман на економските оператори, транспарентност и интегритет, што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки.

**Препораки:**

- Одговорното лице кај договорниот орган и комисијата за јавни набавки да превземат мерки за обезбедување на комплетна и уредна документација во досиејата за спроведените постапки, да се склучуваат договори соодветни на предметот на набавката
- Да се спроведува постапка со делива набавка на индустриски и прехранбени производи земајќи ја предвид специфичноста и големината на набавката.
- Да не се практикува проширување на асортиманот на прехрамбените производи надвор од склучените договори без спроведена постапка.

4.4.2 Со извршената споредба на производите по вид и цена по кои се фактурирани одделни прехранбени артикли од добавувачите во однос на видот и цената на производите во склучените договори согласно понудата и тендерот, кај одделни економски оператори избрани на тендер, се утврдени неправилности, и тоа:

- Извршени се набавки на прехрамбени артикли по цени кои се над договорените цени во понудата, а во одделни случаи извршени се набавки на артикли кои воопшто не се претходно договорени во понудата и тендерот односно не одговараат на понудата по вид, количина, единечна мерка и цена (по дополнителни понуди или без никаков писмен документ, или склучен анекс договор за кој нема доказ за корекција на цените односно нивно зголемување) што не е во согласност со член 2, 3 и 5 од договорот.
- Одделни добавувачи не се придржувале кон одредбите од член 10 од договорот, според кој промената на цените на некои производи може да се случи во колку дојде до придвижување на цените на пазарот, но само во законски превидени рамки во согласност од двете страни и обавезно приложување на документ од производителите, дистрибутерите или увозниците. Во текот на 2008 и 2009 година, и покрај испратените писмени известувања до добавувачите за ваквите недоследности, истите не се придржувале кон договорот, а ДСД не постапил согласно член 10 за раскинување на договорот во случај на неисполнување на обврските од добавувачите.
- Поради неприложување на писмени порачки како доказ кои што ДСД е должен да ги издава потпишани од одговорно лице пред испорака на производите, (член 6 од договорот), ревизијата не беше уверена дали економскиот оператор самостојно ги вршел промените при испораката на производите или пак истото било дозволено од страна на одговорните лица во Домот.
- Во склучените договори во 2008 и 2009 година постои одредба со која ДСД му одобрува на добавувачот да достави понуда која ќе претставува составен дел од понудата кон договорот во случаите доколку во текот на годината се појави потреба од набавка на производи кои не биле наведени во спецификациите што не е во согласност со одредбите од ЗЈН.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 2 и 129 став 2 од ЗЈН и има за резултат ненаменско и незаконско трошење на средства.

**Препорака**

Одговорните лица во ДСД „Никола Карев“ - Охрид да ги преземат сите активности во врска со извршувањето на работите поврзани со следење на

реализацијата на договорите за јавни набавки на стоки, услуги и работи и доследно почитување на одредбите во склучените договори и законската регулатива.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 4.3.1. погоре, а кое се однесува на неточно искажана вредност на земјиштето и градежните објекти на ДСД „Никола Карев“- Охрид поради неправилно пресметана ревалоризација на земјиштето и необезбеден имотен лист за градежниот објект со кој располага, ревизијата изрази мислење со резерва за искажаната вредност на постојаните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точка 4.3.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот студентски дом „Никола Карев” – Охрид, сметка на основен буџет, на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Државниот студентски дом „Никола Карев” – Охрид, сметка на основен буџет, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

**Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**

Обрнуваме внимание на следното:
Министерството за образование и наука како надлежно министерство за организирање, спроведување и надзор над вршењето на дејноста на студентскиот стандард кај студентските домови, вклучувајќи го ДСД „Никола Карев“ - Охрид, во изминатиот период голем дел од надлежностите што се однесуваат на финансирањето на оваа дејност не ги врши на начин предвиден со Законот за ученичкиот и студентскиот стандард, а кои значително влијаат на функционирањето и ликвидноста на Домот, и тоа:

- Во периодот од 2003 заклучно со 2009 година, МОН нема донесено нови Критериуми за финансирање на дејноста во студентските домови, односно последен акт е донесен на 26.06.2003 година, со примена од 1.09.2003 година што не е во согласност со член 58 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард.
- За учебната 2008/09 и 2009/10 година нема утврдено поединечни и реални економски цени за сместување и исхрана, туку истите се утврдуваат како заедничка цена за сите студентски домови во Програмите за остварување и развој на дејноста на студентскиот стандард, за 2008 и 2009 година, што не е во согласност со член 37 ст. 1 од Законот.
- МОН нема доставено извадок од годишниот финансиски план по сметки, програми, потпрограми и ставки за одобрени средства на Домот што не е во согласност со член 6 ст. 2 од Законот за извршување на буџетот на РМ за 2009 година.

Во 2008 и 2009 година, ДСД „Никола Карев“ - Охрид има изготвено инвестициони програми за подобрување на условите во Домот за 2009 и 2010 година кои се доставени до МОН. Во овие програми за остварување и развој на дејноста на студентскиот стандард се наведени сите неопходни и итни работи кои треба да се преземат и за кои се потребни средства за 2009 година во износ од 9.645 илјади денари и за 2010 година во износ од 15.149 илјади денари.
И покрај ваквите програми за потребни средства за инвестиции, изработени од ДСД, МОН `се нема произнесено, освен со одобрување на средства во Програмата за студентски стандард за 2009 година во износ од 500 илјади денари, кои не се пренесени на сметка на ДСД до крајот на 2009 година. Со Програмата за 2010 година, објавена во службен весник во октомври 2010 година, се одобрени средства за реконструкција во истиот износ. На ваков начин МОН не ги предвидува и планира средствата според вистинските потреби на Домот, односно одобрува средства кои се недоволни за подобрување на студентскиот стандард во Домот со што неповолно влијае и го оневозможува нормалното функционирање и обавување на основната дејност на Домот.

Скопје, 22.02.2011 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| | **2009** | **2008** |
| **Опис на позицијата** | | |
| | | |
| Капитални приходи | 3.547 | 11.976 |
| Приходи од отплата на заеми | **3.547** | **11.976** |
| **Вкупно приходи** | | |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | 3.007 | 5.113 |
| Плати, наемнини и надоместоци | 11 | 67 |
| Резерви и недефинирани расходи | 529 | 6.032 |
| Каматни плаќања | 0 | 32 |
| Социјални бенефиции | **3.547** | **11.244** |
| **Вкупно тековни расходи** | | |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 0 | 732 |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | **732** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **3.547** | **11.976** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 64 | 64 |
| Активни временски разграничувања | 567 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **631** | **64** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 8.132 | 7.880 |
| Материјални средства | 94.269 | 92.918 |
| **Вкупно постојани средства** | **102.401** | **100.798** |
| **Вкупна актива** | **103.032** | **100.862** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 567 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 64 | 64 |
| **Вкупно тековни обврски** | **631** | **64** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 102.401 | 100.798 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **102.401** | **100.798** |
| **Вкупна пасива** | **103.032** | **100.862** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **100.798** | - | **100.798** |
| **Зголемување по основ на:** | **4.647** | - | **4.647** |
| Набавки | - | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | 4.647 | - | **4.647** |
| **Намалување по основ на:** | **3.044** | - | **3.044** |
| Отпис на капитални средства | 2 | - | **2** |
| Амортизација | 3.042 | - | **3.042** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **102.401** | - | **102.401** |